**20242083574**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 2 октомври 2024 година.

Бр. 08-4709/1
2 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16, 37/17, 11/18 и 132/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 103/21), во член 2 во ставот (5) во алинејата 2 зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Член 2

Во членот 3 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 3

Во член 4 во ставот 1 зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација“.

Член 4

Во член 9-а во алинејата 2 зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација“.

Член 5

Во член 15-в зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација“.

Член 6

Во член 17-а во ставот 2 зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација“.

Член 7

Во член 22-а во ставот 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.”.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Во евиденцијата од ставот (2) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат податоците за постапката за издавање на прекршочен платен налог (реден број, број и датум на записник за прекршок и правна квалификација на прекршокот), податоци за сторителот на прекршокот (име и презиме или назив на сторител, адреса/седиште на сторителот и матичен број/ЕДБ на сторителот (за странец се запишува број на патна исправа) и за постапката за извршување (број и датум на платен налог; износ на глоба (во евра); рок за доброволно плаќање на глоба; наплата на глоба (да/не) и датум на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка).”.

Во ставот 5 зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација“.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.